**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Триесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15.01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по Триесет и првата седнциа на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Александар Спасеноски, Оливер Шамбевски, Илија Димовски, Ружа Ѓорѓеска, Мирјана Секуловска, Данали Дончев, Фијат Цаноски, Зоран Витанов и Стојан Андов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по амандманот за додавање нов член 1-а, по членот 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Оливер Спасовски, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Благородна Цветковска.

По овој амандман има збор пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Очекував дека претставникот на Владата ќе биде тука како предлагач на законот. Дали ќе имаме присуство од страна на Владата или ...

**Бесим Догани:** Претставникот на Владата е тука. Тука е министерот Мешков, повелете.

**Оливер Спасовски:** Се извинувам.

Не би сакал повеќе да должам, разговаравме минатиот пат цел ден по однос на овој амандман за кој пратеничката група на СДСМ смета дека на ваков начин ќе можат да се разрешат проблемите на категоријата на стечајни работници. Иако се водеше голема дебата околу тоа, постојано се изнаоѓаат аргументи за законот кој беше на дневен ред пред некоја седница дека е спротивен на Уставот, сега видовме дека и ова не е вистинското решение, се предлагаат одредени активни мерки. Се отиде до таму да се каже дека ова што се предлага како решение со амандманот воопшто не е за стечајните работници во Република Македонија, туку воопшто за сите кои имаат над 25 години стаж, меѓутоа, токму со ова решение и во оваа категорија на луѓе спаѓаат и стечајните работници во Република Македонија и заради тоа сметавме, ако го вратиме решението кое беше укинато во 2000-та година март месец, од тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, дека ќе можеме да го разрешиме овој проблем и конечно да ги скратиме маките и на овие луѓе и на нивните семејства, конечно да почувствуваат перспектива во Република Македонија и да почувствуваат дека некој или државата воопшто Република Македонија се грижи за нив и за нивната иднина.

Заради тоа уште еднаш сакам да ги повикам пратениците од парламентарното мнозинство да го поддржиме овој закон, иако се најавуваат активни мерки за вработување од страна на Владата, еве веќе седум месеци немаме ништо од таквите активни мерки или конкретни проекти во кои ќе видиме вработување барем на еден од оваа категорија на луѓе, да го поддржиме овој амандман и да го решиме ова прашање кое се провлекува 15 години во Република Македонија и овие луѓе ни криви ни должни се на работ од сопствената егзистенција и егзистенцијата на нивните семејства. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Бидејќи на претходната седница кога расправавме по овој закон и овие амандмани имаше обемна дискусија и образложение околу поднесениот амандман, но бидејќи се реши седницата на подолго време да се одложи, само да потсетам дека со овој амандман се предлага на невработено лице кое има над 25 години стаж на осигурување паричниот надоместок да му се исплатува до негово вработување односно до настапување на некој од основите за престанок на правото на паричен надоместок. Значи, во оваа категорија влегуваат поголем број на граѓани кои имаат над 25 години стаж и кои останале без работа. Се предлага од Агенцијата за вработување да примаат паричен надоместок до нивно повторно вработување или одење во пензија.

Значи, тука спаѓа и онаа група на стечајни работници за кои веќе расправавме по еден Предлог на закон, тогаш аргументите беа дека не е добро да се создава посебна група на граѓани, не е уставно, затоа ние како пратеничка група се решивме да го вратиме старото решение во овој закон кое важеше до 31 март 2000-та година кога тогашната Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ го измени ова законско решение и почнаа проблемите на невработените кои имаат над 25 години стаж.

Бидејќи многу дискутиравме по ова прашање, тогаш министерот се изјасни дека Владата нема намера да го реши ова прашање онака како што ветуваа за време на предизборната кампања за оваа група на граѓани. Владата се реши на друго решение со кое предлага активни мерки со кои овие луѓе би нашле работа.

Будејќи испадна јавниот оглас во кој сите оние кои се заинтересирани да ги користат овие активни мерки од страна на Агенцијата за вработување, би сакал да кажам неколку збора и околу овие мерки на Владата со кои тие предлагаат да се реши проблемот на невработеноста.

Во Буџетот на Република Македонија за 2007 година во делот каде е буџетот на Агенцијата за вработување Програма Б мерки за намалување на сиромаштијата, Потпрограма Б1 поттикнување на вработувањето, категорија 47 социјални бенефиции, ставка 473 плаќање надоместоци од Агенцијата за вработување се предвидени 79 милиони денари. Претпоставувам дека се тие средства кои Агенцијата ќе ги користи за поттикнување на вработувањето и сега кога ќе ги земеме предвид овие средства и кога ќе ги поделиме со оние средства кои Владата предлага да се даваат како надоместок за почеток на семеен бизнис или самовработување, тоа е околу 2,5 илјади евра или 150 илјади денари ќе дојдеме до една сума дека на овој начин можат да се реализираат само 527 вработувања.

Ако гоземеме бројот на само оваа категорија на стечајни работници пет или шест илјади само тие 10% од нив не можат да се вработат по овој основ. Значи, уште една мерка на Владата која не само што не е насочена кон решавање на проблемот на оваа категорија на граѓани, туку мислам дека многу мали ефекти ќе даде во делот на овие активни мерки за самовработување на сите граѓани.

Тука има три категории кои можат да ги користат овие бенефити, тоа се долгорочно невработени, над 5 години без работа, корисници на паричен надоместок по основ на невработеност и млади лица до 27 годишна возраст кои прв пат се вработуваат.

Владата испаѓа со пакет на мерки за кои смета дека ќе помогне во вработувањето. Со Законот исто така се предлага 5% од придонесот кој се запираше за вработување на инвалидни лица да се пренасочи кон овие активни мерки, но, кога се ќе се собере заедно повеќе од 600 вработувања не можат да се реализираат по овој основ и мислам дека оваа мерка Владата, покрај тоа што ја промовира како многу добра и како мерка која многу ќе придонесе да ...

**Бесим Догани:** Господине Марјанчо ве молам зборувајте по текстот на амандманот, вие зборувате за политиката на Владата, а не по амандманот.

**Марјанчо Николов:** Господине потпретседателе, кога беше расправата по амандманот министерот ги кажа овие зборови и како контра аргументи на нашиот амандман рече дека Владата ќе го решава со овие активни мерки. Јас би сакал да спорам околу тој став на министерот, бидејќи беше наметнат во делот на расправата по овој амандман.

Да завршам, овие мерки што ги предлага Владата не само што нема да придонесат за решавање на проблемот на невработеноста, туку дозволете да го изразам и своето сомневање конкурсот трае до 10 март, после тој конкурс мислам дека најголем дел од овие бенефиции ќе ги добијат партиски заслужени кадри на владеачкото мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Реплика има министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Пратеникот спомнува суми кои немаат врска со вистината, за пари, за активни политики.

Прво, не се 69 милиони, туку се вкупно 295 милиони предвидени пари за петте проекти за активни политики за вработување во 2007 година, сметајќи ги во тие 295 милиони и средствата од УНДП како финансиска помош на овие активни политики, а исто така и средствата што треба да се одвојат од Буџетот и средствата што од Агенцијата за вработување ќе бидат искористени. Тоа е она што со овие два закони овде го правиме. Значи, не е 69 милиони, не се 500 луѓе, туку се скоро 300 милиони и се повеќе од 5.000 луѓе за активни политики за вработување во 2007 година.

Исто така, беше спомнато дека ниту еден не може да биде вработен или нема вработено или не може да биде ако овој закон седеи една година во Собранието. Сигурно дека без него не ќе можеме да ги спроведеме овие политики, бидејќи немамме нормативна претпоставка за спроведување на тие активни политики. Затоа и овие закони се предуслов да може да почне тоа вработување. Без овие закони, се разбира дека не може.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута пратеник Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Господине министре, вакви програми, вакви мерки постоеле и многу претходно. За жал, вие во претходниот мандат, кога бевте во друга позиција или во опозиција, критикувавте многу од ваквите мерки. Особено оние што се однесуваа на Бранковиот закон. Тогаш сметавте дека не се добри, дека не е добро да се плаќаат придонеси за лица што се вработуваат по пвр пат и, да ви кажам, дури и по вашата сума 295.000.000 денари, ако се поделат со 150.000 денари што треба да ги добие едно лице за

самовработување, не се 5.000, туку се 1.900 луѓе кои можат да се вработат. Дозволете уште еднаш да кажам дека најголем дел ќе бидат ваши блиски сопартијци.

**Бесим Догани:** Има збор пратеникот Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван минстре,

За овој амандман дискутиравме на широко на претходната сесија, на 19 февруари кога беше 31-та седница на Собранието на дневен ред. Еве, 15-тина дена подоцна повторно ги отвораме дискусиите по овој амандман.

Амандманот го поднесовме и се јавив за дискусија во има на 5.000 стечајни работници од Република Македонија, во име на илјадата стечајни работници од Штип кои и покрај сите ветувања на владеачкото мнозинство пред изборите дека ќе им биде решен проблемот, сеуште нема, ама баш никакви мерки од страна на Владата за решавање на нивниот проблем.

И минатиот пат го прашувавме министерот, како не би се повторувале во дискусиите од седницата специјално за стечајните работници, за Законот за решавање на нивниот проблем од претгодната седница, да каже некој оптимален рок, реален рок кога Владата планира да биде решен проблемот на стечајните работници. Тогаш би ги повлекле поднесените амандмани и тогаш не би дискутирале повеќе по овој проблем.

Меѓутоа, бидејќи не добивме никаков одговор кога Владата планира да го реши проблемот на најголемите жртви на транзицијата во Македонија, ние се решивме да го поднесеме овој амандман и повторно да се јавиме за дискусија.

Зошто Владата или владеачкото мнозинство пее една песна пред изборите и им ветуваше на стечајните работници дека веднаш после добивањето на власта ќе го реши нивниот проблем, а еве веќе 10 месеци гледаме дека не само што не се решава проблемот, туку нема никаква заинтересираност за такво нешто.

Стечајните работници се една од групите која е најзасегната од социјалната ситуација во државата. Нивната најголема грижа е тоа што најголемиот дел од нив работеле и плаќале даноци во државата повеќе од 30 години, но се останати без никакви приходи. Поради тоа, основен проблем за најголемиот број од нив е недонесувањето на закон за загубари, закон за стечајци, закон за лица со нерешен статус со стаж над 25 години.

Јас повторно ќе ја повторам математиката која неколку пати досега ја кажувавме и која упорно министерот не убедува дека не знаеме математика, дека ни слаби пресметките, дека не е така. Пет илјади стечајни работници за решавање на нивниот статус се потребни 5 до 6.000.000 евра во текот на една година. 20.000.000 евра кои ги дадовте по основ на најбогатата фирма во Македонија на МЕПСО можеа да го решат проблемот на стечајните работници за наредните 4 години, министре.

Зошто Владата нема слух за ова прашање одговорете вие не на мене, туку на народот на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 64 пратеника, за гласаа 25, воздржани немаше, против гласаа 39 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Оливер Спасовски, Елица Филипова, Влатко Серафимов и Благородна Цветковска под архивски број 07-299/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

За збор се јави пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Овој амандман се однесува на висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност и со истиот се предлага сите оние осигуреници кои примаат паричен надоместок над 12 месеци основицата наместо 40 да се зголеми и да има право на 50% од просечна месечна нето плата на работник за последните 24 месеци да ја прима како надоместок од Агенцијата за вработување.

Барам поддршка од колегите пратеници по однос на овој амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 65 пратеника од кои за гласаа 24, воздржани немаше, против гласаа 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Оливер Спасовски, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Благородна Цветковска под архивски број 07-299/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

За збор е пријавен господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Бидејќи владеачкото мнозинство се изјасни дека не сака да го реши проблемот на стечајните работници, овој амандман нема смисла, бидејќи претходниот амандман не се усвои, истиот го повлекуваме.

**Бесим Догани:** Амандманот е повлечен од страна на пратеникот Марјанчо Николов, кој го поднесе.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Сакам да го кажам ставот на СДСМ дека ќе гласаме против донесување на ваквиот закон иако од страна на министерот на почетокот беше истакнато дека неколку пати се менува овој закон, дури осми пат го менуваме, па мислевме дека со поднесените амандмани кои ги имавме токму во овој законски проект ќе можеше да се разреши ситуацијата која беше по однос на стечајните работници. Таа прилика е пропуштена, мислам дека не се прифатија овие амандмани од страна на Собранието пред се заради тоа што доаѓаат од опозицијата.

Конечно очекувам дека ќе видиме некакво решение кое ќе го понуди Владата ако има доблест да го одржи зборот кој го даде пред овие луѓе и пред граѓаните на Република Македонија за што ја доби и довербата. Доколку изостане таквата доблест и понудено решение пред Парламентот, да знаете дека пратениците од СДСМ постојано ќе потсетуваат на ова прашање и постојано ќе даваме предлози како и на кој начин да се разрешат проблемите на овие категории на луѓе. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Законот гласале 68 пратеници, за гласале 44, воздржано двајца, против 22 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за вработување и осигорување во случај на невработеност.

**Минуваме на точката 9: Предлог за донесување на закон за изменувзње на Законот за вработување на инвалидни лица. Со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и ссоцијална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Само накратко, зошто е предложен овој закон.

Како што реков и во образложението по претходната точка, заради спроведувањето на активните политики за вработување во 2007 година, рековме дека од средствата на Агенцијата за вработување ќе се формира посебен фонд во висин од 5% од вкупните средства што се на име придонеси за вработување, но тие 5 % средства не се додатно оптоварување на оние кои го плаќаат придонесот, туку тие 5% се извлекуваат од средствата што се издвојуваат во Агенцијата за вработување, за вработување на инвалидните лица во висина од 10% од вкупно собраните средства на име придонеси за вработување.

Тие 10% сега остануваат да бидат 5 % во 2007 година, а другите 5% се префрлаат во посебниот фонд за активни политики за вработување. Тоа е појдено, пред се, заради фактот што во Фондот за вработување на инвалидни лица неколку години наназад остануваат вишок на приходи, односно неискористени средства што не би ги читал сега. Ги имате во образложението на зкаонот, во оцена на состојбите, тие износи, па токму поради тоа се предлага со овој закон издвојувањата за вработување на инвалидни лица од 10% сега да биде 5%, а другите 5% да се префрлат во Фондот за активни политики за вработување. Токму затоа е предложена измената во законот.

**Бесим Догани:** Благодарам министре.

За збор се пријави пратеникот Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Пратеничката група на СДС ќе гласа воздржано за овој закон од следниве причини:

Имено, при донесувањето на Законот за вработување на инвалидни лица, од претходниот состав, претходното Собрание со Закон се востанови посебен Фонд во кој што се одделуваат средства со една цел, овие средства да бидат наменети за вработување на инвалидните лица.

Свесни сме дека во денешно време, во економскава состојба во која што се наоѓа Република Македонија, вработувањето е тешко, а уште е потешко за инвалидните лица.

Зошто СДС ќе гласа воздржано, затоа што сметаме дека овие средства, што се одделени во посебниот Фонд и се наменети за вработување на инвалидни лица, не треба да се врши алокација, туку напротив, треба да се анимираат инвалидните лица и треба да се подпомогнат, да се поттикнат сами да изготвуваат проекти, да аплицираат во овој посебен фонд и овие средатва да се користат за онаа намена заради која што навистина го формиравме посебниот Фонд со Закон.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За збор се јави пратеник Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Се јавувам во врска со оваа точка со едно дополнително појаснување што произлезе од излагањето на почитуваната колешка.

Имено, според нејзиното излагање се работи за намалување на некои зафаќања во стопанството. Во оваа можност сакам да ја потсетам дека Законот што го менуваме е донесен уште во 2000-та година и неговите исправки се во 2005 година. Меѓутоа, ставката што се издвојува за вработување на инвалидизирани лица е потполна иста. Е во висина од 10% од придонесот за вработување.

Меѓутоа, многу добро беше кажано во образложението на министерот, дека доста од тие средства лежат како неискористени. Средствата стојат, не се употребуваат за онаа основна намена за која што се дадени. Токму заради тоа се предлага оваа бројка да се преполови, пола да останат таму каде им е намената со Законот, а другата половина да се искористи активно за друга намена.

Согледувањата ќе се направат, веројатно од страна на Владата во одредено време. Доколку се појави недостиг на тие средства за вработување на инвалидизирани лица, односно во основната намена што им е, можно е и верувам дека Владата ќе има слух, разбирање да тој процент се зголеми, тој износ се зголеми и се постигне првенствената намена, за која што се наменети.

Токму заради тоа апелирам и до парламентарната опозиција, трезвено да погледне на работите и ако е потребно овој закон апсолутно да се прифати. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димитровски.

Има збор пратеникот Најдовски Слбодан, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам прилично краток. Навистина во изминативе години сме сведоци на недоволно искористување на овие средства за вработување на инвалидни лица од една страна, а од друга страна знаете, пред донесувањето на Законот што го донесувме во 2005 година, доста се зборуваше околу злоупотребата на финансиските средства, како и за злоупотреба на инвалидизираните лица при нивното вработување. Тогаш, кога се носеше Законот, оние кои тогаш следеа добро, се сеќаваат дека една од главните цели што се сакаше да се постигне, беше целта да се оневозможи злоупотребата на овие финансиски средства. Од друга страна, навистина, парите што се наменети за тоа да стигнуваат до инвалидните лица, а не некој паушално да им дава одредена сума на тие инвалидизирани лица, а само да ги користи благодетите што ги дава овој закон.

Ја поддржувам иницијативата за ефиканост во искористувањето на средствата, но како размислување би го поставил прашањето-навистина, не очекувам и не верувам во исправноста за таму за каде што се пренамуваат средствата. Само ќе ве потсетам на еден сличен начин.

Како што спомна еден од претходните дискутанти, голема критика имаше Законот кој беше донесен во 2003 година во однос на вработување и субвенционирање на дел од придонесите за одреден временски период и се покажа тогаш барем во критиката што ја имаше од страна на тогашната опозиција, сега парламентрно мнозинство, дека нема да ги даде очекуваните резултати, иако ако погледнете сега имаше еден дел може да се каже ефикасност од тој закон. Сега се поставува прашањето, морам да кажам дека е камуфлажа, мачкање на очи дека тие се наменети за одредени категории луѓе. Тука тоа не е прашање за кое е одговорно Министерството за труд и социјална политика, туку некои луѓе од Владата, некои министри кои сметаат дека светот започнува со нив и се завршува, за некои мерки кои со години наназад се применуваат во Република Македонија ќе одржат бомбасти прес конференции, тие средства биле наменети за самохраните мајки, за деца без родители, иако и порано ги имаше тие такви начини кои се применуваа во Република Македонија.

Еве, една порака до министерот за размислување, наместо ваквиот начин на кој сметам дека повторно ќе бидат злоупотребени средствата и убеден сум во тоа, да се размислува за вложување во училиштата кои образуваат инвалидизирани лица. Ако дел од овие средства се наменат во ваквите училишта, на пример училиштето "Кочо Рацин" во Битола или средното училиште во Штип, односно не знам точно каде има такво средно училиште, како размислување, кога би се намениле дел од овие финансиски средства во тие училишта, би се овозможило оспособување на инвалидизираните лица уште од

поран период да можат после тоа да бидат навистина подготвени за вработување. На ваков начин може да се размислува со оглед на тоа што не се доволно искористени финансиските средства во Фондот за вработување на инвалидизираните лица, но, резултатот од местото каде што се наменуваат мислам дека нема да се постигне и многу подобро би било да се вложат средства во образование и стручно оспособување на таквите лица, за да можат да се вработат во одредени претпријатија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

За реплика се јави пратеникот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека зборуваме за две сосема различни работи. Јас го почитувам колегата Најдовски, меѓутоа, сакам да се задржам на две работи во мојата реплика.

Првата работа е дека Владата, односно Министерството одобруваат средства за обучување односно постигнување на основната дејност на децата со хендикеп, односно инвалидизираните лица. Значи додека го стекне правото за вработување е еден период, а ние сега зборуваме за вработување на инвалидизираните лица. Ќе потсетам, тоа го кажав и во мојата дискусија, дека Законот е донесен по 2000-та година. Сакам да дадам некои податоци дека по донесувањето на тој закон се формирани 650 заштитни друштва во Република Македонија. Во нив има 7.900 лица нововработени, од кои 3.550 се инвалидизирани лица, значи лица кои поминале Комисија која го утврдила инвалидитетот и 4.350 се здрави лица. Тие спаѓаат во мали и средни претпријатија. Бројот на луѓето во нив е од пет до 250 лица. Дејствуваат во сите области, во графиката, текстилната индустрија, чевларството, пластиката, металството, прехраната, производство на мебел, електрични апарати за домаќинство и сл., а имаме доста и во делот на услужните дејности. Имаме плус 190 инвалидни лица кои имаат регистрирано фирми како трговци поединци.

Значи сега зборуваме за две различни работи. Зборуваме за обука, односно за школување, завршување на училиште, а во овој момент зборуваме за лица кои после завршувањето на школувањето е потребно да се вработат, односно да си го решат своето егзистенцијално прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута за пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Со поголемиот дел од дискусијата на господинот Димитровски се согласувам и признавам дека повеќе ја знае оваа проблематика од мене, работи непосредно и е сопственик на едно такво претпријатие и тоа го почитувам. Меѓутоа, сигурно ќе се согласите господине Димитровски со мене дека до сега, посебно од 2000-та година до донесувањето на законот од 2005 година имаше големи злоупотеби во оваа сфера. Овде се излегуваше со податоци дека наместо парите кои ги добивале таквите сопственици на претпријатија, тие наместо да ги вложуваат во плата на тие лица или за купување машини, градеа куќи, купуваа скапи автомобили и градеа викендици. Тоа е неспорно. Затоа велам, ако ги пренасочиме средствата во образованието на тие луѓе и усовршување, средствата многу поефикасно би ги искористиле и вие како сопственици на такви претпријатија би добивале стручно оспособени лица за да ги вклучите непосредно директно во работата.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 43 пратеници гласале за, 20 пратеници гласале воздржано, против нема. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница а се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале, 61 пратеник, за гласале 41, воздржано гласале 18 пратеници и против гласаа 2.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се пртресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, гласале 60, за гласале 45, воздржано гласаа 15 пратеници, против немаше.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица.

**Минуваме на 10-та точка. - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, очекувавминистерот да даде свое образложение, но очигледно измените што се предлагаат не се за во јавност, немаат целна група и не се дел од маркетиншките популистички потези на Владата. Напротив, предлогот што го имаме денес се однесува на она што вчера во една друга прилика го цитирав како цитат од дипломатите од Брисел, а тоа е, како што пишуваше вчера дека сите се загрижени за смените што се направени во администрација на луѓе кои имаат проевропски дух и образование и знаење.

Овие измени денес што ги имаме на маса Владата уште на 8 ноември 2006 година донела заклучок дека ќе изнајде начин како да го разреши директорот на Агенцијата и бидејќи согласно законот мандатот на директорот на Агенцијата е седум години и не за џабе се избрани седум години, за да може да се воспостави една институција која е формирана и со закон, која има посебни овластувања, за која треба а се води посебна грижа, но и да се изгради како капацитет, Агенцијата за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување и бидејќи не можеле да изнајдат начин како да упаднат во таа Агенција, Владата уште на 18 ноември во својот налет на првичната еуфорија уфрлува нов став 6 во точка Б), каде што вели дека во рок од два последователни квартали Агенцијата покажува негативни финансиски резултати во работењето. Оваа измена што ни се нуди денес единствено има оправдување или Владата си наоѓа оправдување како упад да се смени директорот на Агенцијата и затоа пратеничката група на СДСМ ќе гласа против уште еден партиски упад во една независна Агенција, Агенција која со закон се градело во овој изминат период а самиот директор кој имал мандат од седум години не можел или можеби не ги искажал сите можности и ефекти од работењето на оваа институција што се градела паралелно во изминатите пет години. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Не дадов образложение, затоа што мислев дека измената е многу едноставна, јасна и разбирлива и не гледав потреба да дадам образложение. Господинот Макрадули кажа во што се состои измената, а тоа е дека една од причините заради кои директорот на Агенцијата може да биде разрешен е токму ако во два картала покажува финансиски негативни резултати. Таа измена не се однесува само на Агенцијата, туку такви измени направивме и во другите закони, секаде каде што Владата ги именува директорите на соодветните институции. Значи, реков основ, тоа значи може, тука не стои дека мора и дека ќе биде, туку може да биде разрешен. Како една од причините е токму покажувањето на негативни финансиски резултати во работењето во два последователни периоди. Ова е политика на Владата што ние ја вградивме во измените и на други закони, секаде каде што Владата ги именува директорите додадовме плус една причина заради која може директорот да биде разрешен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Мешков.

Јани Макрадули - реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Пократко од три минути ќе кажам. Претходниот закон имаше само еден член во кој 10% се заменуваат со 5%, но бидејќи имаше целна група, министерот најде за потребно тоа да го образложи. Овде бидејќи се работи за упад не го образложи, но се надевам дека оваа изјава што сега ја кажа и како политичка заложба на Владата, од страна на министерот кажано, се надевам дека ќе се однесува и на оние директори што ги именува Владата како што се во МЕПСО, ЕЛЕМ и во Македонски Шуми, но времето ќе покаже, ќе го потсетуваме министерот на оваа негова заложба за сите што покажуваат негативни финансиски ефекти во два квартали да бидат сменети од страна на Владата. Да знаеме, ќе го мониторираме тоа заедно со министерот Мешков. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Почитуван министер, јас не мислам дека оваа мерка е значајна, мислам дека е техничка, ниту мислам дека ќе вроди со некакви резултати, особено не во Агенцијата, затоа што според тоа колку што ми е познат начинот на работа на Агенцијата, тешко дека таа може да покаже загуба. Меѓутоа, со оглед дека овој став во Законот кој вие го предлагате сега се повтори неколку пати во Парламентот и од други ресори освен од вашиот, сега во образложението го добивме и мотивот зошто Владата тоа го прави. Имено, Владата донела заклучок од кој произлегува обврска за менување на законите, што мислам дека е лоша политика, односно Владата ставила во ист кош се, и тука децидно пишува јавно претпријатие, агенција, фонд, правно лице и АД во државна сопственост, ако во рок од два последователни квартали тоа правно лице покажува негативни резултати дека може да дојде до сменување. Зборот "може" мене ми засмета, вие образложивте дека може и не мора и тука произлегува уште една опасност. Имено, дека Владата вградува критериум кој ќе го одлучува арбитрерно, односно ќе оцени од случај до случај дали тоа е така, и мислам дека најнегативното во целата оваа замисла на Владата, која мислам дека е еуфорично донесена и сега се реализира по инерција, како и други мерки на Владата кои произлегуваат, неколку пати сум кажал, од библијата на Владата,

напишана пред изборна програма како библија и нема никакво отстапување. Претпоставувам ова не е од предизборната програма и тоа од библиски заклучок на Владата. Еве, да го донесеме случајот до апсурд, прво, вие знаете дека годишните резултати на сите јавни институции, акционерски друштва, фондови, претпријатија, може да варираат во текот на годината, зависно од тоа каква е работата од сезонско влијание во овие кои вие ги имате наброено во законот. Некои правни лица приходите ги остваруваат во одредени квартали повеќе и покажуваат суфицити, во одредени квартали покажуваат повеќе дефицити, затоа што е таква природата на работата. Ако се земе ригидно како што е тука напишано, мислам дека ова е погрешна политика и може да даде на Владата овластувања, врз основа на погрешно зацртана или свесно погрешно зацртана политика, да разрешува луѓе кои имаат позитивни резултати, затоа што знаеме дека позитивен или негативен резултат е само ако на крајот на годината тоа правно лице има позитивен резултат. Вака на пола година, како што е напишано во законот, цитирам: “во два последователни квартали”, дури и не пишува во текот на една фискална година, може да биде последниот од тековната и првиот од наредната година, а само да потсетам дека ваквиот критериум на Законот, почитуван министер, не би го издржал ниту министерот за финансии со Буџетот. Знам дека и вие тоа го познавате, Буџетот на Република Македонија вие го проектиравте и го доставивте на ова Собрание со дефицит. Во јавните финансии, ако се сведе на микрофинансии дефицитот, има еден збор кој овде е вграден како што треба “негативни финансиски резултати односно загуба”.

Според мене е малку перверзна политика, Владата да зацрта дефицит во Буџетот од 1%, односно 3,5 милијарди денари со јасна тенденција дека дефицитот заради тоа што е 1% можно е да се оствари не во два, туку во 3 и 4 квартали, сите четири квартали на Буџетот на Република Македонија да бидат негативни, теоретски по 0,25, практично по 0,1; 0,2%, 0,3%,0,4% од бруто домашниот производ заради тоа што приливите и одливите не се рамномерно распоредени во текот на годината. Сега, ако тој критериум Владата за себе си го зема за право и го претвора во закон, зборувам за Буџетот кој согласно Уставот има карактер на закон, тогаш мислам дека е непринципиелно да барате од другите корисници на јавни средства да имаат некакви други критериуми. Дајте им го и на нив истото право. Некои од нив имаат постојани дефицити. На пример, во рамките на вашиот ресор, а ако добро се сеќавам тоа помина во законот имате институции кои имаат системски дефицити. Ако добро памтам, во Буџетот за оваа година, на пример дефицитот во Агенцијата за вработување е 5 милијарди денари од вкупни расходи и шест милијарди денари. Значи Агенцијата една милијарда само приходува, а троши 6 милијарди. Тие приходи доаѓаат од Буџетот и тоа покажува дефицит кој го покрива Буџетот. Ако Буџетот не го покрие дефицитот во одреден момент како што треба, па макар теоретски и со еден денар на истекот на кварталот, што е можно теоретски, од овие закони произлегува да го разрешите вашиот директор на Агенцијата за вработување затоа што во два последователни квартали ќе искаже негативни финансиски резулати без негова вина, тие се системски, тие ги проектира Владата итн., да не кажувам примери, пратеникот Јани Макрадули кажа примери дури и во претпријатијата. Има претпријатија кои имаат сезонски обврски. Некој во текот на зимата само расходува, а во текот на летото приходува.

Може да биде и обратно, понекогаш потрошувачката е поголема во зима, во тешките периоди од годината, кога се остваруваат и приходите, а расходите се сконцентрирани на друга страна и ќе покажува негативни квартални резултати. Меѓутоа, мислам дека тоа не е добро за државата и затоа неслучајно во нашиот Закон за сметководство и во Законот за Буџет кај јавните корисници сме утврдиле дека во Македонија финансиската година, или во јавниот сектор фискалната година е еднаква со календарската година и трае од 1 јануари до 31 декември. Тука се утврдува финансискиот резултат. Финансиски резултати во други системи се од 1 април до 30 март заради прилагодување на сезонскиот процес на економскиот циклус, што е поисправно, меѓутоа во Европа се познати системите на фискална и календарска односно финансиска и календарска година е истата. Во тие услови мислам дека е благо прекршување на економските правила, па дури и на една фер политика на Владата кон сопствените институции и фондови и јавни претпријатија да ги терате во ова, едноставно да не може да се води политиката како што е зацртана и со Законот за сметководство и Буџет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за задолжително капитално финансирање низ финансирано пензиско осигурување.

Ги повикувам пратениците пред да го ставам заклучокот на гласање да влезат во салата.

Молам, уште еднаш пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Бидејки во салата имаме доволен број на пратеници, ве повикувам да пристапиме кон гласање.

Од 62 пратеника кои се присутни во салта гласале 58, за гласаа 46, воздржано гласаа 2, против гласаа 10 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор. (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника кои се присутни во салта гласале 59, за гласаа 46, воздржани немаше, против гласаа 13 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за доенсување на закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.**

Предлогот за донесување на законо ти извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Дозволете ми да го искажам моето задовослтво бидјеки со донесувањето на новиот закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај ќе се постигне висок степен на квалитетно ибезбедно функционирање на правозот со подобрување на квалитетот на услугите и намалување на ризиците од незгоди како гаранција за квалитетен приод и рамноправно учество на транспортниот пазар.

До колку се има предвид дека со постојниот Закон за превоз на опасни материи не се во целост инкорпорирани барањата од Европската спогодба за меѓународниот патен превоз за опасни материи АДР, како и барањата од Правилникот за меѓународниот превоз на опасни материи во железничкиот сообраќај ЗИД, кој е составен дел на Конвенцијата за меѓународните железнички превози разбирлива е оправданоста за потребата од донесување на нов закон за превоз на опасни материи во патниот и во железничкиот сообраќај.

Со Предлогот на законот се воспоставуваат правила, стандарди и услови што треба да ги исполнуваат амбалажата и превозните средства, должности на правните или физичките лица кои учествуваат во превозот на опасни материи, воведување на мерки за стимулирање на безбедноста и зајакнување на инспекцискиот надзор, или казнени мерки за одделни видови на прекршоци.

Со транспорирањето на Директивата на Советот на Европа, 9635-Е3 новина во овој закон е што сите правни или физички лица кои превезуваат, примаат или предаваат за превоз опасни материи треба да назначат еден или повеќе лица советници за безбедност ипревоз на опасни материи кои ќе бидат одговорни за спречување на ризиците кои можат да настанат и при превозот на опасни материи.

Советниците за безбедност и превоз на опасните материи ќе бидат обучени лица со обезбедено познавање на потребните закони, регулативи и административни одредби и обезбедено знаење за генерални , превентивни и безбедносни мерки потребни за овој вид на превоз.

Согласно анексите од Директивата на Советот на Европа која е дополнета со Директивата на Европскиот парламент и Советот 2061-Е3 и Директивата на Комисијата 2017-Е3 по Предлогот на законот останува обврската за обука на возачите кои превезуваат опасни материи со цел да се оспособат за манипулација со одделни класи на опасни материи и да добијат знаење неопходно за намалување на можностите за незгоди до минимум.

Со транспонирањето на Директивата на Европскиот Парламент и Советот 9891-Е3, која се однесува на моторните возил аи нивните приколки наменети за превоз на опасни материи со Предлогот на законот уредени се правилата,како и исполнување на техничките услови на возилата кои се наменети за превоз на одделни калси на опасните материи.

Со цел надминување на неповолните состојби кои можат да се појават при контролирањето на превозот на опасни материи во законот утврдени се надлежностите во вршење на контролата, мерките што можат да ги изречат инспекциските органи при вршењето на инспекцискио тнадзор и контрола, а предвидено е и користење на листа на проверки при превозот на опасни материи се во согласнсот со препораките од Директивата на Советот на Европа и Директивата на Европскиот Парламент и Директивата на Комисијата.

За ефикасно регулирање на превозот на опасните амтерии законот предвидува евидентирање, достапност,прегледност и размена на податоци со органи и институции чија дејност е поврзана со областа на транспортот на опасни материи, што ќе придонесе за безбедност и контрола на превозот на опасни материи во сите фази, заштита на животната средина и природата, брза и компетентна интервенција во случај на незгода.

Согледувајќи ги решенијата предложени цо законот кои се компатабилни со решенијата на европското законодавство, во иднина овој вид на превоз ќе се обавува согласно правила и прописи на најбезбеден можен начин се со цел транспортот на опасните материи и условите за негово квалитетно и безбедно функционирање да се постават на европско ниво.

Ви благодарамна вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас заменик министре.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски**: Благодарам потпретседателе,

По овој Предлог на закон, со оглед на тоа што е прва фаза беше разгледуван и на Матичната Собраниска комисија дадовме поддршка со една забелешка, сугестија, при изготвување подетално на Предлогот на закон кој што ќе биде во Собраниска процедура се надеваме во еден разумен период од 60-тина дена да се земат предвид сугестиите за посебна разработка на делот на мориторингот на превозот во територијата на Република Македонија.

Имајки го предвид карактерот на оваа материја,односно стоката која што е предмет на превоз, транспорт низ Република Македонија, со оглед на тоа што има бројни примери на злоупотреба, односно одложување на опасни материи и радиоактивенотпад и т.н. од трети земји, поразвиени земји кои што секогашнаоѓаат некоја добра прилика или шанса за одложување на ваков вид на материи, со оглед на главниот проблем кај радиоактивниот материјал за одложување и наоѓање на простор за негово одложување.

Бидејќи кај нас ова е нова материја, нов аобласт во која немаме некое доволно искуство од тој аспект, препораките се да се посвети подетално внимание на разработката на делот на законот каде што ќе биде мориторингот, контролата на товарот на влезот и на излезот и усогласување со законот за животна средина во која што се дефинирани надлежностите на инспекторатот за животна средина во делот на контролата.

Јас знам дека стручните службиодносно надлежните во Министерството водат сметка за овие работи, но не е на одмет да дадеме и ние некојпридонес, да посочиме на потребата од повнимателно давање на предлози во таа област. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарма господине Герамитчиоски.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај**,** при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работнит етела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт иврски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот заклучок гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 12-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициони фондови, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за инвестициони фондови, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника, гласаа 58 и сите 58 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија, поднесе амандмани на член 9, член 10, во новиот член 41-б ставови 2 и 3, член 15 став 1 во воведната реченица и на член 17 став 1 во воведната реченица.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Потпретседателе, го немам кај мене амандманот, молам пауза.

**Бесим Догани:** Пауза 10 минути.

(Пауза од 16,19 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии.Повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел од текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 41-Б ставови 2 и 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии. Повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел од текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 во воведната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии. Повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 во воведната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за финансии. Повелете.

**Предраг Трпевски:** Амандманот се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата го прифати амандманот и тој станува составен дел од текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас само да го изразам разочарувањето од уште еден индолентен однос од страна на Владата и неодговорен однос од страна на Владата кон Собранието, каде што очигледно пред очите на јавноста заменикот министер за финансии дојде неспремен на оваа седница. И, можеме ние Деловникот да го менуваме колку сакаме и дискусиите на опозицијата да ги сведеме на пола минута, но ваквиот игнорантски однос не му користи на никој, а најмалку на демекратијата во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Уште еднаш ги замолувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Давам десет минути пауза.

Координаторите да направат напори да ги замолат пратениците да влезат во салата. Благодарам.

(По паузата)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Ги молам службите да ни го достават точниот број на присутните пратеници во салата.

Бидејќи, во салата има доволен број на присутни пратеници, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаат 62 пратеници, сите 62 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за инвестициони фондови.

**Минуваме на точка - 13 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Прво, да ве замолам дали имаме претставник од Владата.

Претставникот на Владата е на пат кон Собранието, сигурно ќе пристигне.

Предлагам да го почекаме неколку минути.

За збор се јави Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Потпретседателе, со оглед на тоа што овие два закони се многу брзо поминати на комисии, не верувам дека ќе има за дискусија, да не чекаме повикајте го и од Министерството за здравство да дојде за наредниот Закон за здравствено осигурување. Затоа што, пратениците сакаат да работат, а ги гледаме од Министерството за здравство ги нема, дали намерно не доаѓаат, пошто по петти пат ја одложуваат оваа точка и избегнуваат да разговараме за оваа точка.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски. Ќе се погрижиме и од здравството да има претставник.

(Со седницата продолжи да раководи, потпретседателот Иван Анастасовски)

**Иван Анастасовски:** Пристигна претставникот на Владата.

Продолжуваме со **точка 13 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

На почетокот да се извинам за малото доцнење што ме причекавте.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура, произлегува од потребата за реформа во правосудниот систем, зацртана во стратегијата за реформа на системот правосуден и потребата за остварување на преземените обврски за спроведување на ефикасни и континуирани реформи во адвокатурата, базирани на европските стандарди.

Основната причина за овие измени и дополнувања на Законот за адвокатура кој е донесен и објавен во "Службен весник на РМ" број 59/2002 и број 60/2006 година усогласен е со директивата 98/5 на европското законодавство, на Европскиот парламент и советот од 16 февруари 1998 година, како и директивата 77/249 на Европскиот парламент, како и Законот за прекршоци. Овие директиви се однесуваат за вршење на дејноста адвокат на земја членка, што не е земја, каде што е добиена таа квалификација и на давањето на адвокатски услуги од странски адвокати и адвокатски друштва. Овие директиви овозможуваат на државјаните на земји членки на Европската унија вршење на дејност, без разлика дали се работи за адвокат поединец или пак адвокат вработен кај друг во друга земја членка, што не е земја во која се стекнала таа квалификација. Адвокатот што ги стекнал своите квалификации во една земја членка, може да бара признавање на својата диплома во однос на своето регистрирање во друга земја членка, со цел да ја врши дејноста адвокат со професионалната титула во таа земја, во согласност со директивата 89/48, чија цел е да обезбеди интеграција на адвокатот во професијата во земјата домаќин. Додека некои адвокати можат брзо да бидат интегрирани во рамките на професијата во земјата членка што е домаќин, меѓу другото со положување на стручен тест предвиден со директивата 89/48, целосно квалификувани адвокати треба да го постигнат тоа интегрирање во определен период на професионална активност во земјата членка што е домаќин според професионалните титули на нивната земја или да продолжат да ја вршат својата дејност според професионалните титули на својата земја.

За да се обезбеди полесно функционирање на правниот систем во земјите членки, треба да им се дозволи со определени правила пристап на специјализирани адвокати во нивните највисоки судови, без да се попречи интеграцијата на адвокатите на земјите членки што ги исполнуваат неопходните барања.

Почитувани пратеници, адвокатот што е регистриран според професионалната титула на својата земја во земјата членка што е домаќин, мора да остане регистриран во надлежниот орган во својата земја членка, ако сака да го задржи статусот на адвокат и да е во согласност со оваа директива, каде што за таа цел е неопходна блиска соработка помеѓу надлежните органи, особено во врска со било какви дисциплински постапки. Со директивата број 77/249 на Европскиот парламент се овозможува одбрана или застапување во одредени предмети, каде што странски адвокати и адвокатство друштво, ќе имаат права и обврски еднакви со оние на адвокатите на Република Македонија и ќе ја користат титулата со која врши адвокатска дејност во неговата држава по потекло.

Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура се заснова врз истите начела врз кои се заснива и Законот за адвокатура. Законот за измени и дополнувања на Законот за адвокатура има за цел укинување на пречките за слободно движење на лица и услуги помеѓу државите членки. Земјите членки на Европската унија, што всушност претставува една од целите на внатрешниот пазар на Европската унија.

Само на крај да напоменам дека измените на овој закон во функција и имплементација ќе бидат во оној момент кога Македонија ќе биде членка на Европската унија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Младеновска Ѓорѓиевска Мери. Повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, претставник на Владата, почитувани пратеници.

И денешниов ден, навистина еве помина во една многу интересна атмосфера кога можевме да видиме како Владата си поигрува во неколку наврати со нас пратениците, со Парламентот како законодавен дом, иако Владата избра нов Парламент и за својата работа треба да одговара пред Парламентот.

Како и претходните денови не успеавме на денешната седница да видиме ниту еден министер. Доаѓаа заменици министри, неспремни, доцнеа, што значи манипулираа со времето што ние сме го одвоиле за работа по оние акти кои што од министерствата од каде што доаѓаат, чии што претставници се, се изготвуваат.

Имавме можност да го слушнеме и заменикот министер, веројатно можам да му се обратам како кон колега адвокат, затоа што доаѓа од адвокатурата како професија, па можеби затоа е пуштен на денешнава седница, но не навлегувам во тоа бидејќи тоа е право на избор во Министерството за правда. Добро е што кажаа кои се измените во овие измени и дополнувања на Законот за адвокатура, но најважното е тоа што го кажа на крај. За да појаснам, бидејќи се јавив за збор, станува збор за измени и дополнувања на Законот за адвокатурата, кои овозможуваат странски адвокати поединци и правни лица да застапуваат во Република Македонија. Овие одредби се усогласени со директивите на Европската унија кои се однесуваат на земји членки на Европската унија, разработени се во неколку одредби. Предвидено е да може да се врши упис во посебен именик овде при Адвокатската комора на Република Македонија и дека може да се поистовети да се впише во именикот на адвокати во Република Македонија, откако ќе наполни стаж три години или пак ако го положи правосудниот испит според прописите во Република Македонија.

На крајот, се разработуваат овие одредби согласно директивите и имаме член кој вели, во преодни и завршни одредби, овие одредби ќе стапат на сила кога Република Македонија ќе стане членка на Европската унија. Значи, само желба да се прикаже дека нешто се работи. За да појаснам што сакам да кажам, претходно се направени измени и дополнувања на Законот за адвокатура од 2002 година во мај 2006 година. Тие измени и дополнувања според агендата на претходната влада требаше да бидат изготвени некаде ноември 2006 година, но затоа што брзавме со реформите, овој закон успеавме да го направиме пред тие рокови, се направија измени и дополнувања кои значат осовременување на адвокатурата во Република Македонија. Ги имавме предвид овие директиви, но со оглед на тоа што се работи за нешто што ќе биде тогаш кога ќе станеме членка на Европската унија, тогаш не најдовме за сходно да ги вметнеме овие одредби. Наспроти тоа што се работеше и што е дел од реформата во судството, ние по стапувањето во функција на оваа Влада, да гледаме овде во Собранието акти кои ќе го продолжат тој процес и кои ќе значат изготвување на Законо за обвинителство, Закон на совет на јавни обвинители, имаме работи кои што апсолутно во овој момент не се неопходни. Едноставно, прикажување дека нешто се работи под изговор дека е тоа битно за членството во Европската унија. Да, меѓутоа тие одредби нема да важат сега и не можам да верувам дека Владата односно, да, тоа е лицемерието на Владата, гледајте не што правиме, не не гледајте што работиме. Овде ни нуди измени и дополнувања кои ќе се применуваат кога ќе станеме членка на Европската унија, а со сите свои работи дефакто не оддалечува од Европската унија. И, нема да набројувам што се прави Владата, за да не оддалечи од Европската унија.

Во Законот што се изготви, значи претходните измени и дополнувања на Законот од 15 мај објавени во “Службен весник” 2006 година се внесени сите работи кои значат осовременување на адвокатура, предвидување на посебен адвокатски испит, предвидување на осигурување од одговорност во случај на причинета штета на странките кои ќе бидат причинети од адвокатите. Предвидени се одредби кои значат користење на јавните овластувања на адвокатите. А, што значи тоа? Тоа значи можност да ги прибават сите акти од надлежни институции и органи кои им се потребни за докажување на одредени факти на нивните клиенти пред надлежен суд. Тоа се одредбите кои беа поддржани од адвокатите од Република Македонија, отприлика околу 1600. Тоа се одредбите кои ефективно значат подобрување на нивната работа, но и на положбата на клиентите кои што ги застапуваат. Овде во Парламентот има адвокати на кои мислам дека одредбите им се битни, а се надевам дека и овие измени и дополнувања со внимание ги прочитале. Што ќе добијат адвокатите, а и граѓаните со овие измени и дополнувања на закон што сега ги предлага Владата.

Јас на крајот Ќе го кажам мојот став. Значи, не се работи за ставот, туку се работи за трошењето на време кое може да го потрошиме за други работи кои ќе бидат во функција на граѓаните. Со овие измени и дополнувања ниту добива Република Македонија, зборувам во моментот, кога сме со кандидатски статус, кога не сме членка на Европската унија, а најмалку пак добиваат адвокатите.

Тоа што Владата во моментот треба да го прави за граѓаните и за адвокатите, значи поврзано и со Законот за адвокатура, е овозможување да се применуваат одредбите за користење на јавните овластувања на адвокатите и користење на

одредбите, правилно применување на одредбите од Законот за парнична постапка, кој има точни рокови во кои странките мора да ги обезбедат и доказите, меѓутоа, и да ги наведат фактите, односно да извршат прецизирање на службеното барање. Во случај на пречекорување на тие рокови, го губат правото да го остварат и на тој начин се доведуваат во една положба која апсолутно не е за пример и наместо Владата и Министерството за правда да настојува, во соработка со судската власт, да овозможи користење на јавните овластувања, а и во соработка со органите на управа, тоа значи сите министерства и други органи на управа, да се користат овие јавни овластувања на адвокатите, а секако, кога збирно ќе се соберат работите сето тоа ќе овозможи судење во разумен рок, тоа за што се бориме, ќе овозможи афирмација на реформите во судството под логото “Да градиме заедно независно и ажурно судство”, но наместо да го прави тоа Владата, апсолутно не и е битно дали ќе биде ажурно работењето на судовите или не, или адвокатите, или пак се вели адвокатите се самостојни во својата работа, тие знаат како ќе работат, па нека си наоѓаат начин. И така се случува во практика, секоја адвокат е препуштен сам на себе како ќе ги застапува правата на своите клиенти, дали на најлегален начин или ќе бара некои познати пријатели таму каде што работат во некои органи, за да може да дојде до некој документ, за кој согласно закон има право да го стекне и да го добие за да може да го искористи во судска постапка. За среќа, Законот за парнична постапка се применува правилно, има одредби кои овозможуваат разумно судење, но мислам дека кога станува збор за јавните овластувања на адвокатите, апсолсутно не се користат онака како што предвидуваат законите, а мислам дека Владата не прави ништо за да го прави тоа. Но, јас се надевам дека адвокатите се адвокати поради многу други обележја па и тоа што е напишано во закон наоѓаат начин да го спроведат онака како што предвидува во законот. Но тука сум, еве, и како пратеник да кажам дали овие мотиви што сега се наведуваат во образложениетo, значи, усогласување со директивите на Европската унија што ги кажа заменик министерот се вистинските причини поради кои што се започна со овие измени и дополнувања за кои што искрено тврдам, немаше потреба во овој момент да се направат. Имаше некои настојувања покрај овие измени и дополнувања да се направи нешто друго, нешто што би рекла навистина ќе не оддалечи од Европската унија а би било и спротивно на Уставот, а тоа е наспроти уставниот член 53 во кој се вели - адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон, имаше интенции да се стави под јаремот на Министерството за правда или министерот за правда и оваа служба со тоа што некако како да се подзаборави дека состојбата со нотарите и извршителите е сосема нешто друго, кога за нивните акти и тарифи може да дава мислење министерот за правда, адвокатурата е самостојна и независна и не смее никој освен Адвокатската комора на Република Македонија да ја утврдува тарифата или пак да дава мислење. За среќа, ваквите настојувања кои можат да се слушнат гласно и за кои можеше да се слушне незадоволството од адвокатите кои беа во контакт со овие измени и дополнувања, за среќа не се дел од овој текст, меѓутоа, кога веќе еднаш се започнала работата, да не остане недовршена до крај, еве, на крајот имаме само еден фил, би рекла, тоа е измени и дополнувања кои ќе стапат на сила тогаш кога ќе станеме членка на Европската унија. Но, бидејќи ние како опозиција, зборувам за пратениците од Социјалдемократскиот сојуз сме се декларирале дека ги поддржуваме настојувањата за приближување кон Европската унија и кон НАТО дека ќе ги поддржиме проектите кои значат усогласување со европското законодавство, ќе дадеме поддршка на овие измени и дополнувања на Законот, иако Владата прави се да не оддалечи од Европската унија. Ќе дадеме поддршка, но ќе бидеме уште позадоволни Владата ако превзема чекори да не доближи до Европската унија и овие одредби што се тука предвидени во измените и дополнувањата да станат реалност.

**Иван Анастасовски:** Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпреседателе.

Значи, со посебен респект и чест за претходниот соговорник, почитуваната пратеничка и тоа да се искаже коментар од типот Владата да се претстави дека не работи, како нешто дека и треба да работи и да се даде коментар дека носењето и предлогот на Министерството за измените и дополнувањата на Законот за адвокатурата, да се каже дека не е битен и суштински во овој момент. Ако добро ме следеше пратеничката, јас на самиот почеток кажав дека Предлогот на овој закон за измени и дополнување на Законот за адвокатурата произлегува од потребата за реформа на судството во Република Македонија. Притоа основната причина за овие измени и дополнувања на овој Закон е усогласување со директивите 98/5 на европскиот Парламент и Советот на Европа од 16 февруари 1998 година и директивата 77/249 на Европскиот парламент и согласно новиот Закон за прекршоци. Коментарот дека адвокатите биле занемарени при изготвувањето на овој Закон за измени и дополнувања сосема е неточен, затоа што буквално при изработката на овој закон активно беа вклучени претставници на Адвокатската комора и немавме никаква забелешка по истите. Така што Предлогот за измените и дополнувањата на овој Закон, ќе повторам уште еднаш е како резултат и произлегува од

потребата за реформа на судството во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Навистина покрај настојувањето заменик министерот не може да ме убеди дека токму овие измени и дополнувања требаше да го трошат времето на Министерството за правда. Ние ќе бевме позадоволни ако сега го разгледувавме Законот за јавно обвинителство, Законот за совет на јавни обвинители за кои шест месеци веќе доцни Министерството за правда и Владата наспроти она што денес го разгледуваме, а веќе е усогласено со европските стандарди, бидејќи измените и дополнувањата беа усвоени во месец мај 2006 година. Овие измени и дополнувања се однесуваат на време кога Македонија ќе стане членка во Европската унија. Значи, ние затоа ќе дадеме поддршка, не ги спориме директивите, но тие се однесуваат на земји што се членки на Европската унија, адвокати од земји членки на Европската унија да можат да даваат правна помош и во друга земја овде предвидена во директивите како земја домаќин. Во случајот Македонија кога не е членка на Европската унија, тие одредби не може да се применуваат. Ќе се применуваат тогаш кога ќе бидеме членка на Европската унија. А Владата прави се да не оддалечи од Европската унија. И тоа е тоа што не загрижува. Ние ќе бидеме задоволни ако може што поскоро да добиеме преговарачки статус и да станеме членка на Европската унија. Но, да се декларира заложба за евроинтеграција да се прави се да се оддалечуваме од Европската унија, тоа ќе го ценат граѓаните.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** При немање на приговор од страна на Адвокатската комора на Македонија, не знам зошто ние тројца адвокати тука, претставникот на Владата, колешката Младеновска и јас би приговарале ако не сме насочени кон тоа да ја оправдаме, или да ја критикуваме Владата, а со овој закон најмалку може да ја критикуваме и не знам како да ја фалиме дека не оддалечува од евроинтеграциите. Јас ја прифаќам дискусијата на госпоѓата Мери Младеновска, ќе кажам во кој дел, но не да се користи овој закон за напад на Владата, нема место. Убаво е што овој закон предвидува, односно сака да се доближи до евроинтеграцијата општо и да предвиди одредби кои што ќе важат кога Македонија еден ден биде членка на Европската унија. И нема ништо страшно тогаш, со одложна примена на овој Закон некои адвокати од таму колеги како размена на искуства ќе дојде тоа и една навистина правилна примена на правото ширум Европа, колеги од Европа да дојдат и да ги застапуваат нашите судови. Јас мислам дека нашата интенција од кога ќе го прифатиме овој закон треба да биде во смисол и нашите адвокати, односно адвокатската фела во Република Македонија да се припрема истото да може да го направи оној ден кога Македонија ќе биде членка на Европската унија, тоа навистина е богатство. Значи, безусловно треба да прифатиме ние еден ваков закон кој што со одложна примена е оној момент кога Македонија ќе стане членка на Европската унија. Но, да сметаме и на тоа и нашите адвокати да се припремат за да можат исто така во било која земја членка на Европската унија да застапуваат правни дела. Инаку, прифаќам тоа што го кажа колешката дека зголемувањето на јавните овластувања на адвокатите наиде на една препрека. Но, не прифаќам дека за тоа е виновна Владата. Виновни се институциите што не сакаат да ги отворат портите во смисол на адвокатот кој се обраќа да бара било какви докази. Затоа што Законот за парнична постапка е таков, кога се поднесува тужбата мора сите докази одеднаш да се дадат за да може да ги припреми. Тоа е навистина нешто што страшно се случува во нашето судство кога се јавува некој тужител. Еве, ние сме сепак адвокати кои што и колку да сме оддалечени, еве јас нема цели шест месеци што сум оддалечена од адвокатурата и денеска тужбите кои што сум ги поднела и во неможност да соберам докази, иако овластување сум имала, односно тие кои што ги продолжиле постапките како адвокат имаат овластување тие докази да ги соберат и да ги дадат со тужбата, навистина се наидува на голем отпор. Значи, треба Адвокатската комора во таа смисла да се залага, а никако Владата не е виновна за сето тоа што се наидува на отпор на проширување на правата на адвокатите. На пример, ако се обратите до некоја банка да барате некое известување, или при обичен спор каде што има развод на брак, за утврдување на брачна тековина, па мажот или жената поднесува тужба и сака да се информира во банка, или било каде во било која институција, што е со имот ваков, или онаков да прибере докази од својот сопруг, да речеме се уште сопруг, се наидува на одговор: Вас не ви даваме тоа, за тоа може само судот да прибира такви докази. Доколку се обратите на судот, судот вели: во рок од 15 дена должни сте сето тоа да го прибавите во спротивно ќе ви ја отфрлиме тужбата. Навистина една непријатна ситуација. Но, пак ќе повторам, Владата не е виновна за тоа. Јас се залагам, мислам дека Адвокатската комора на Македонија ќе умее да се справи и да докаже дека тие законски овластувања мора да се применуваат. Значи во прашање е неприменa на законски овластувања кои што ги имате во проширувањето добиено од адвокатот поради една недоверба, поради една неадаптација на тие нови проширувања законски кое што мислам во догледно време мора да се реши и Адвокатската комора секако ќе се заложи за тоа. И затоа апелирам сите овие работи кои што се позитивни и во оваа исто така измена, односно дополнување на Законот за адвокатурата да не ги земаме како

лимит и да не ги земаме како оддалечување од Европската унија. Напротив, очигледно дека тие се за да се приближиме до Европската унија. И не е сериозно ние сето тоа што сега го предлагаме и го озаконуваме со одложно применување. Ред е така да правиме.

По однос на другите закони кои што се приоритетни, односно исто така се важни како и сето ова, јас не можам да кажам дека Законот за адвокатура не е важен, Законот за јавно обвинителство е поважен. За институцијата судство сите овие закони се во еден гердан нанижани. Не може да се работи доколку еден закон не се тргне на страна и истиот да не се носи, односно да се остави покасно да се носи. Така што имаше деновиве и во средствата за јавно информирање по однос на законите за Јавното обвинителство, дека Владата и воопшто не е оставено на страна тој закон да не се донесе, односно да недостасуваат правата и должностите озаконети на Јавниот обвинител и Советот на обвинители. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Јас ја разбирам потребата и можеби обврската на пратениците од опозицијата во дел на работите на Владата да ја оправдаат во работењето, но морам да потсетам кога станува збор за Владата и нејзините надлежности, на Уставот на Република Македонија каде во првата алинеа на член 91 е предвидено: Владата на Република Македонија ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување. Значи, Владата не само што ги изготвува законите, туку е одговорна за извршувањето на законите и треба да го следи процесот на извршување на законите од што треба да влече поуки во која мера и во која насока треба да се вршат идни измени и дополнувања на законите. На ова се надоврзува и обврската на Владата да ги координира институциите. Рече колешката Куновска не е виновна Владата за тоа што не се користат правилно јавните овластувања на адвокатите, туку институциите на системот. Кога станува збор за институциите на системот, колкав број на органи на управа и институции се под надлежност на Владата кои за својата работа одговараат на Владата и чија што работа ја следи Владата. Значи, тука Владата не може да се тргне на страна. Друго е прашањето за банките и други институции за кои што Владата нема ингеренции, меѓутоа преку надлежните ресори, бидејќи Владата е извршен орган мора да најде начин во корелација, во соработка со други институции од другите области да најде начин како да се спроведуваат законите. Во спротивно, ако другите органи не се должни да ги почитуваат законите, на што ќе се сведеме? На анархија. А ние како правна држава мислам дека треба да се грижиме навистина да се применуваат законите во функција на граѓаните, секако онака како што се напишани.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, ценет претставник на Министерството за правда, колеги пратеници,

Потребата која треба да ја оцениме за изменување и дополнување на Законот за адвокатура е пред нас, ја дебатиравме на комисиите, пред се на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за општествено-политички систем кое што предизвика одредени расправи и отвори одредени дилеми. Јас би сакала да ги споделам и на овој пленум. Овој е еден од ретките закони кој што се приложува, значи со текстот на Предлогот се приложува и директивата, двете директиви со кои се врши усогласување, односно по кои се постапува и тоа е во ред, тоа така треба да оди. Бидејќи јас паметам пред една година исто така, мислам дека беше на почетокот на 2006 година извршивме измени на овој ист закон и тогаш бевме убедувани дека вршиме усогласување со некои европски стандарди и директиви. Меѓутоа, не ни беа приложени директивите за да можеме ние да проследиме што тие директиви предвидуваат и да можеме да цениме дали она што ни се дава како предлог е навистина усогласено со тие директиви. Тогаш, извршивме измени на членот 14 и додадовме нови ставки кои сега со овој предлог ги укинуваме истите ставки. Гледајќи ја директивата, се прашувам сега кога беше усогласувањето, тогаш, или сега? Меѓутоа, јасно е дека од приложените директиви ова сега е усогласување со тие директиви. Иако за мене отвораат одредени дилеми, бидејќи директивата ви ја дава крајната цел која треба да ја постигнете, а како тоа вие ќе го вградите во вашиот политички систем е работа која треба да си ја завршите дома. И сега дали ние, односно претставникот на Министерството за правда би сакала да ни каже дали добро сме ја завршиле работата и сме ги усогласиле работите со нашиот правен систем. Бидејќи се појавуваат дилеми за усогласеност на членовите 37-в и 37-г. 37-в предвидува можност за трајно вршење на адвокатска дејност на старнски адвокати и адвокатски друштва. А членот 37-г предвидува исто така адвокати и адвокатски друштва, се мисли странски, за да можат да ги застапуваат клиентите само со адвокат од Република Македонија. Значи, во придружба на адвокат од Република Македонија. Јас ја прочитав директивата, меѓутоа сум во дилема, дали е тоа вистинското решение. Исто така, истакнувам дилема во смисла на тоа дали се воспоставуваат два принципа за адвокатите.

Вели, адвокатите кои ќе застапуваат во Република Македонија, се мисли за странски адвокати, ќе може тоа да го прават ако континуирано вршат придружба на наш адвокат или адвокатка на наши домашни адвокати, вршат

три години адвокатска дејнсот во државата, или ако го положат правосудниот испит. Тука навистина се појавува дилема, бидејќи според нашиот систем за да станеш адвокат треба да се дипломира правник и да положите правосуден испит.

Дали вакво решение кое дава привелегирана положба на странскиот адвокат, или тој може да бира или да врши три години дејност па да добие право самостојно понатаму да дејствува во државата, или да положи правосуден испит. Бидејќи, тие што ќе доаѓаат ќе бидат со положен правосуден испит. Во нивните матични држави сигурно ќе бидат регистрирани адвокати. Дали два пати ќе треба да полагаат, еднаш во нивната држава, еднаш кај нас правосуден испит, или ова што се нуди како двојство ќе бидат во еднаква положба адвокатите кои работат во Македонија, нашите адвокати. Тие ќе можат единствено со положен правосуден испит да бидат регистрирани како адвокати. Навистина овде се отвора дилема дали нема двојство на принципи за вршење на една иста работа односно за вршење на адвокатска дејност.

Бидејќи со членот 1 се укинуваат ставовите 4 и 5 од членот 11, од постоечкиот член 14 каде што со последните измени ние предвидовме дека адвокатите на државите членки на Европската унија можат да даваат правна помош и да ја вршат адвокатската дејност на територијата на Република Македонија и таму е предвидено во именикот на адвокатура што треба да достават и тн, и тн.

Таму беше предвидена точката 4 од членто 14 да има одложена примена и да почне да се применува кога Македонија ќе стане членка на Европската унија. Ние сеуште не сме станале членка, а сега ја укинуваме таа точка и носиме друго решение усогласено со директивите верувам, затоа што ги имаме тука директивите и повторно одложена примена до влезот на Македонија во Европската унија.

Навистина сум во дилема кое беше вистинското решение, тоа е едно прашање и дали е сега моментот кога треба да ги усогласуваме овие решенија, бидејќи уште не сме добиле статус на Европската унија.

Тоа е по однос на дилемите кои ги имам во делот на главата ИИ која ќе има одложена примена.

По однос на другите измени кои се усогласување со Законот за прекршоци нема никакви дилеми.Тоа се наметнува од овој системски закон и тоа е потребно.

Јас ќе дадам поддршка на потребата за донесување на овие измени и се надевам дека нема да бидам доведена повторно во ситуација повторно да се вршат измени на нешто што воопшто што не сме го примениле, што сме го одложиле за некое идно време односно за период кога Македонија ќе стане членка на Европската унија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатура.

Пред да преминеме на гласање би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ако може службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Во салата се присуни 61 пратеник.

Гласале 60 пратеници, сите 60 гласале за. Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 52 пратеника. Сите 52 гласале за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1; член 2 во новиот член 37-ѓ став 1; член 2 во новиот член 37-ж и на член 4 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. За гласале 58 пратеника, 1 е воздржан од гласање и 2 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура.

**Минуваме на точка 14-Предлог за донесување на закон за меѓународно приватно право.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор:

Има збор заменик министерот за правда. Повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Предлогот за донесување на законот за меѓународното приватно право, што е предмет на расправа тоа е предупредено од стратешката цел на Република Македонија за членство во Европската унија и потребата за остварување на преземените обврски за спроведување на интензивни, ефикасни и континуирани реформи со кои во националното законодавство се вметнуваат европските стандарди.

Материјата од областа на меѓународното приватно право во Република Македонија нормативно е уредено во законот за решавање на судир на законите со прописите на другите земји во определени односи, кој е преземен како републички пропис од член 5 со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

Имајќи во предвид дека во постојниот Закон има одредени правни празнини, односно недоречености и недостатоци кои произлегуваат од неговата практична примена од страна на судовите и другите органи во Република Македонија во решавањето на сложените правни односи со странски елемент се оцени дека несомнена е потребата за донесување на закон за меѓународно приватно право во согласност со Уставот на Република Македонија.

Со донесувањето на овој закон ќе се изврши усогласување на меѓународното приватно право со Уставот на Република Македонија и европската регулатива и воедно ќе се создаде правна основа за надминување на тешкотиите во судската практика и  практиката на другите органи во решавањето на конкретните предмети.

На крај сакам да истакнам дека со донесувањето на овој закон се овозможува правно регулирање на оваа материја со закон од Република Македонија, со што е се замени прописот донесен од страна на поранешна СФРЈ, кој сега е во примена  и подобрување на постојните законски решенија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Го поздравувам предлогот, односно законот за меѓународно приватно право. Ние до сега имаме меѓународно јавно право и меѓународно приватно право. Некако меѓународното јавно право поради тоа што еден широк дијапазон обработуваше беше усогласено до некаде, бидејќи во комунистичко време е носен, со потребите на пошироките стандарди, меѓутоа меѓународното приватно право беше затворено во еден тесен регион токму во нашето опстојување. Сега со донесувањето односно регулирањето на материјата на меѓународно приватно право навистина се олеснува и се овозможува оваа материја да најде правна примена и разврска во судските постапки.

Тоа е секако за поздравување. Јас немам забелешки на овој закон, иако го прочитав, го простудирав и мислам дека е токму како што европските стандарди бараат, а ние мораме нашите закони да ги усогласиме со законите на земјите од Европската унија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорќиевска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што станува збор за Предлог за донесување на закон за меѓународно приватно право, значи, закон во прва фаза, во која само треба да се утврди потребата за донесување на овој закон јас ќе го искажам мојот личен став, а и ставот на пратениците на СДСМ дека ќе го поддржиме овој закон, а нашите конкретни забелешки амандмански ќе ги дадеме во втората фаза, за која се надеваме дека ќе биде брзо по првата фаза.

Значи, тоа што  Владата и сега доцни нас не ни е пречка, напротив законот ќе го поддржиме, но морам да споменам дека овој закон беше во агенда и на претходната Влада во последниот квартал од претходната година, декември 2006 година, па тоа што Владата доцни два месеци нема да замериме бидејќи за многу други преземени обврски доцни веќе шест и повеќе месеци. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за меѓународно приватно право.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за меѓународно приватно право, при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани од извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за рпавда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Почитувани колеги, овде ја затварам денешната работа на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со 12-та седница, а по завршување на 12-та седница продолжуваме со 23-седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата прекина со работа во 17,53 часот)